До: Сите заинтересирани страни | Број 0302 -124

Дата: 05/11/2018 година

Предмет: Јавен **оглас за учество на обука за „Аналитичар за одржлив развој" базирана на креирана образовна програма за стручно образование**

Здруженијата на граѓани Еко Логик и Хуманост го спроведуваат проектот **"Инклузивен пазар на труд за одржлив развој на заедницата"**, кој е финансиран од Европската Унија, преку Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) при Министерството за финансии на Република Македонија.

Како дел од горенаведениот проект здружението на граѓани Еко Логик организира обука за „Аналитичар за одржлив развој" базирана на верифицирана посебна програма за образование на возрасните „Аналитичар за одржлив развој", од страна на Министерството за образование и наука и Центарот за образование на возрасните.

## I. Информации за обуката

Цел на обуката:

Со оваа програма се оспособуваат кадри со титула Аналитичар за одржлив развој кои во текот на обуката ќе се стекнат со потребните знаења, вештини и компетенции за конципирање (анализа и планирање) и реализирање на принципите за одржливиот развој (ОДР) во соодветната организациска единица.

Учесникот во програмата ќе се оспособи да ја планира сопствената работа согласно стандардите и стандардните оперативни процедури на организациската единица и да ги прибира и подготвува потребните податоци за работа од економски, социјален и еколошки аспект.

Задачите ќе ги изведува во согласност со етичките норми и методи за комуникација со клиенти и соработници обезбедувајќи соодветна и навремена комуникација со употреба на техничко – технолошка терминологија. Учесникот ќе се стекне со соодветно знаење за проценка на животната средина, идентификување на предностите, недостатоците, можностите и заканите за спроведување на одржливи решенија во рамки на анализираните организациски единици, утврдување на индикатори за следење на ефикасноста на процесите, спроведување на еко – проверка, како и изготвување на предлог решенија за одржлив развој во организациските единици.

## II. Програма за обуката

Програмата е модуларна и се состои од следниве модули (области):

- Модул 1: Вовед во одржлив развој

- Модул 2: Глобални економски и светски трендови;
- Модул 3: Стратегии за одржлив развој на микро и макро ниво;
- Модул 4: Еколошка политика;
- Модул 5: Еко иновации за одржлив развој;
- Модул 6: Индикатори за мониторинг и мерливост на одржлив развој;
- Модул 7: Почисто производство;
- Модул 8: Еко – дизајн;
- Модул 9: Методологии за одржлив развој;
- Модул 10: Алатки за организација и реализација на одржливиот развој;
- Модул 11: Одржливост во домови
- Модул 12: Практична работа и изработка на студии на случаи (анг. Case Studies)

Обуката ќе биде спроведена од страна на стручни лица, со долгогодишно научно и практично искуство во секоја од предвидените тематски области/ модули.

**III. Профил на учесниците**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Да имаат завршено средно образование
- Да се на возраст од 18 до 30 години
- Лицата да се невработени и/или активни баратели на работа
- Да се државјани на Република Македонија
- Пожелно е да поседуваат дополнителни сертификати за формално и/или неформално образование
- Пожелно е познавање на англиски јазик
- Пожелно е познавање на работа со компјутери
- Пожелно е познавање на деловна техничка документација

**IV. Времетраење и локација за одржување на обуката**

Обуката ќе се реализира во периодот од декември 2018 до март 2019 година, два до три пати неделно со времетраење од 4 до 6 часа.
Локација: Територија на град Скопје.
Обуката ќе започне со реализација од првата недела на месец декември 2018 година.

**V. Надоместок за обуката**

Трошоците за обуката (обучувачи, освежување и материјали) за истата ќе бидат целосно покриени од страна на организаторот.

**VI. Број на учесници на обуката**

Предвидениот број на учесници кои ќе ја следат бесплатната обука изнесува максимум 20 учесници.

**VII. Документи за пријавување**

- Кратка биографија на кадидатот
- Пријава за учество на обуката на линк: bit.ly/Obuka1
- Документ кој ќе го потврди степенот на завршено образование
- Доколку се имате стекнато со некој сертфикат за посетување на обука можете истите да ни ги прератите со пријавата.

**VIII. Начин на пријавување**

Сите заинтересирани кандидати треба да ја достават потребната документација во електронска верзија на е-маил адресата ecologic.mk@gmail.com или во печатена верзија (лично или по пошта) на ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17, Скопје, најдоцна до 27.11.2018 година до 17.00 часот со наслов: **Апликација за обука - Аналитичар за одржлив развој**

**Важно:** Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани на **30ти ноември 2018 година**, и ќе им бидат дадени потребните информации (динамика на обуката, започнување на обуката, место на одржување на обукатата). Избраните кандидати ќе потпишат договор за следење на програмата за образование на возрасните со кој ќе бидат регулирани правата и обврските на организаторот на обуката и учесниците во истата.

**IX. Дополнителни информации**

Дополнителни информации за повикот за обуки можете да добиете во на канцелариите на Здружението на граѓани Еко Логик во Скопје, на телефонските броеви 02/ 5112 716 и 078 365 902 или електронски на е-маил адресата ecologic.mk@gmail.com.